РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

# ОДЛУКА

## за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за јавна набавка на „Сертификација по ИСО 27000", спроведена со постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас број 22/2016, се ПОНИШТУВА, согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка на „Сертификација по ИСО 27000", број 05-048769/16-0002 од 21.07.2016 година.

Износот на средствата до 600.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, ќе бидат планирани и обезбедени на следниов начин:

- средства во износ од 200.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 787, програма 20, ставка 425,
- средства во износ од 200.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 787, програма 20, ставка 425, и
- средства во износ од 200.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 787, програма 20, ставка 425.

Набавката се спроведе преку ЕСЈН со постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН, но без примена на електронска аукција бидејќи не е поднесена ниту една прифатлива понуда, согласно член 22, член 100 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавка изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка, број 05-048769/16-0014 од 27.09.2016 година, со кој предлага поништување на предметната јавна набавка согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, бидејќи не е поднесена ниту една прифатлива понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот и особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Наташа Радеска-Крстевска

Бр. 05-048769/16-0016
Скопје, 29-09-2016 г.

Доставено во оригинал до:
- Претседател на комисијата за јавни набавки
- писарница/архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески